A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-125/6
28.02.2022 год.
ЗРНОВЦИ

Друштво за производство,трговија и услуги
ДАДИ-КОМПАНИ ДООЕЛ с.Јакимово Виница
Бр. 0507-64
28.02.2022 год.

# ДОГОВОР

## за јавна набавка на гориво за моторно возило сопственост на Општина Зрновци

**склучен на ден 28.02.2022 година во Зрновци помеѓу:**

1. **Општина Зрновци,** со седиште на ул. "Илинденска" бб, Зрновци, застапувано од Борчо Коцев, Градоначалник , во понатамошниот текст: **договорниот орган** и

2.**ДАДИ-Компани Дооел**, со седиште с.Јакимово , Виница, застапувано од Даме Ристов, во понатамошниот текст: **носителот на набавката.**

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е сукцесивна набавка на гориво за патничко моторно возило Еуросупер БС 98 и Евродизел БС (Д-Е V)со безготовинско плаќање, за потребите на Општина Зрновци, за период од една година, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда Арх.бр 09-125/15 од 22.02.2022 година сé според тендерската документација по Оглас број 01454/2022 .

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Проценетата вредност на набавката од член 1 на овој Договор изнесува 100,000,00 денати без ДДВ

Вкупната вредност на ДДВ изнесува 18,000,00 денари

Вкупната вредност на Договорот со вклучен ДДВ изнесува 118,000,00 денари

Конечната вредност на овој Договор , ке се утврди врз основа на конечната вредност на набавените количини на гориво ,во период од 12 месеци.

Договорниот орган нема обврска да ја реализира во целост вредноста на договорот.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Договорот се склучува за времетраење од 12 месеци од денот на склучување на договорот.

## IV. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 4**

Горивата ќе се подигаат од бензинските станици на носителот на набавката сукцесивно, согласно потребите на Договорниот орган, со безготовинско плаќање.

**Член 5**

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка се дозволени доколку има промена на највисоката малопродажна цена на горивото

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка се дозволени доколку има промена на највисоката малопродажна цена на горивото формирана со последната одлука од Регулаторната комисија за енергетика при што ќе се задржи понудената маржа/провизија.

Како релевантен доказ за промената на цената на предметот на договорот за јавна набавка ќе се користат одлуките за определување највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно - Методологијата на Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија важечка на денот на точењето на горивото и договорениот попуст од страна на Носителот на набавката.

Цената по која ќе се врши испорака на предметот на договорот за јавна набавка ќе биде утврдена на денот на испораката и истата ќе биде условена од последната одлука на Регулаторната комисија за енергетика и задолжително ќе го вклучува понудениот рабат постигнат на електронската аукција преку понудување на најниска цена на понудата.

Така пресметаниот рабат изразен во денари ќе биде фиксен за целовреметраење на договорот за сите делови на предметот на договорот.
Како релевантен доказ за промената на цената на предметот на договорот за јавна набавка ќе се користи известување од Регулаторната комисија објавено во Сл. Весник на РЕпублика Северна Македонија.

При промена на висината на цените од страна на регулаторното тело понудувачот е должен веднаш да го извести договорниот орган за истото, при што договорниот орган во никој случај не би ги изгубил поволностите добиени по оваа јавна набавка.

**Член 6**

Плакањето ке се врши во рок од 30 дена од датумот на издавање на фактурата на Општина Зрновци за испорачаното гориво за претходниот месец.
**Авансно плаќање не е дозволено.**

Кон месечната фактура носителот на набавката задолжително доставува месечен извештај за испорачаното гориво за секое возило одделно со следните податоци – марка на возилото, регистерскиот број, тип на гориво, датум на поединечните точења на гориво со локација на бензиската станица каде е наточено горивото, количина на наточено гориво за изминатиот месец, поединечна вредност на секое точење, вкупна вредност за наточено гориво за секое возило одделно.

## V. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 7**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

За се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

**Член 9**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно, согласни се спорот да го решава надлежниот суд во Кочани.

**Член 10**

Овој договор е составен од 4 (четири) исти примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
| --- | --- |
| Општина Зрновци | ДАДИ-Компани Дооел |
| Градоначалник | Директор |
| Борчо Коцев | Даме Ристов |

Република Северна Македонија Градоначалник Зрновци Општина Зрновци

Друштво за производство, трговија и услуги ДАДИ-КОМПАНИ ДООЕЛ с.Јакимово Виница